**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на
Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр.470/31.05.2024 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на 30.05.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на
Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година

1. Ревидираните финансиски извештаи за 2024 година на Стопанска банка АД – Скопје, изготвени согласно сметководствената регулатива во Република Северна Македонија се УСВОЈУВААТ.

2. Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје, кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2024 година и билансот на успех, извештај за промени во капиталот и извештајот за парични текови за годината што заврши и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки, се ревидирани од друштвото за ревизија *ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје*.

3. Ревидираните финансиски извештаи за 2024 година се составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2025 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**Писмено мислење кон ревидираните финансиски извештаи**

1. Во согласност со Законот за банки, на предлог на Одборот за ревизија усвоен од страна на Надзорниот одбор, Собранието на акционери на Стопанска Банка АД-Скопје (СБ) на седницата одржана на 31.05.2024, ја избра ревизорската компанија PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Skopje, како овластен ревизор да изврши ревизија на финансиските извештаи и сметководствената евиденција поврзана со активностите на СБ за деловната и фискална 2024 година, во согласност со локалната регулатива.
2. Во согласност со локалната регулатива, избраната ревизорска компанија ги ревидираше финансиските извештаи на СБ кои се состојат од биланс на состојба заклучно со 31 декември 2024 година, биланс на успех, извештај на промени во капиталот и извештај за парични текови за годината која завршува, и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.
3. Надзорниот одбор во целост ја прифаќа одговорноста на Раководството за подготвување и фер презентација на финансиските извештаи согласно со локалната регулатива и стандарди.
4. Надзорниот одбор целосно ја прифаќа одговорноста на Ревизорската компанија да изрази мислење базирано на нивната ревизија на презентираните финансиски извештаи во согласност со локалните стандарди за ревизија како и во согласност со етичките стандарди, да изразат разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјални разлики.
5. По извршување на ревизијата на презентираните финансиски извештаи се издава следното:

   *Мислење*

   *Според наше мислење, финансиските извештаи на Стопанска Банка АД-Скопје точно ја претставуваат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2024 година, како и нејзината финансиска успешност и паричните текови за годината што заврши во согласност со сметководствената регулатива на Република Северна Македонија*.

6. Членовите на Надзорниот одбор на СБ ги разгледаа ревидираните финансиски извештаи и добиеното ревизорско мислење. Беше заклучено дека финансиската состојба и резултатите на работењето на Банката се претставени вистинито и целосно во релевантните финансиски извештаи. Надворешниот ревизор на Банката нема откриено било каков аспект што материјално ќе влијае на финансиските извештаи.

7. Надзорниот одбор ја изразува својата благодарност на Ревизорската компанија за нивната конструктивна соработка и придонес.

Н.О. Бр.    /2025
29.04.2025
Скопје

**Надзорен Одбор**

Претседавач

Маринис Стратопулос